НОВО СРЦЕ

**Неделен Христијански Интернет Билтен бр. 98, Дата: 05. 09. 2011.**

# ПРАВЕДНОСТ

*„ Блажени се кои гладуваат и жедуваат за правда, зашто тие ќе се наситат.“* Матеј 5:6



Некој човек, да го наречеме Јане, се вработил како чирак, кај познат кројач. Заедно со него, мајсторот вработил уште еден чирак, на кого му ги понудил истите услови, со исто работно време и вложен труд. Тие секојдневно примале нарачки за костими, панталони, фустани...кои ги изработувале за нивните муштерии. За вложениот труд, Јане си земал добра плата и бил задоволен. Другиот чирак си ја вршел работата совесно и се трудел исто колку и Јане, па според тоа, заслужувал иста плата.

Но еден ден, Јане наслушнал дека неговиот колега добива поголема плата од него. И тогаш тој се почувствувал онеправдано. Неможејќи да ја истрпи „неправдата“ која му била нанесена, решил да отиде кај неговиот работодавец и да се пожали.

-„Мајсторе, јас морам со тебе да разговарам за една многу важна работа“, огорчено и гневно проговорил Јане. „Јас сум човек што ја љуби правдата и затоа не трпам неправди. Знаеш дека јас и другиот чирак се вработивме во ист ден, работиме со исто работно време и сметам дека заслужуваме иста плата. Неправда е, ако тој добива поголема плата од мојата. Затоа сметам дека тоа мора веднаш да се провери и да се исправи неправдата,“завршил Јане.

Мајсторот, откако го ислушал, ги зел финансиските книги, за да може заедно да проверат кој колкава плата добива. Кога ги споредиле месечните примања, под кои стоеле и нивните потписи, се испоставило дека всушност Јане зема поголема плата од неговиот колега.
Кога се уверил во овој факт, Јане проговорил: „Мајсторе, јас се извинувам што погрешно те обвинив за нанесена неправда. Значи ти сепак си бил праведен човек. Сега знам дека не сум онеправдан и не сакам повеќе да негодувам.“ Со овие зборови, Јане си заминал среќен.

Што мислите, дали Јане е човек што навистина ја љуби правдата? Дали постапи праведно? Веројатно приметивте дека тој беше загрижен за правдата само додека се чувствуваше онеправдан и оштетен. Но, кога се испостави дека тој всушност зема поголема плата, од неговиот колега, веќе не го загрижуваше тоа што другиот е онеправдан.
За жал, многумина размислуваат за правдата по таков начин. Тие сакаат правда само кога таа им оди во прилог. Но,ако притоа друг е онеправдан, чувството за правда им исчезнува.

Многу пати се жалиме дека е неправедно да се оди преку ред, но штом нам ни се пружи прилика, веднаш ја искористуваме таквата можност, без да се замислиме. Се жалиме дека е неправедно да се вработува со врски, ама кога нам ќе ни понудат, нé одбиваме; се жалиме дека е неправедно кога другите имаат повеќе, ама кога ние ќе добиеме, не го враќаме...

Кога Исус велеше „блажени се оние кои гладуваат и жеднеат за правда...“ мислеше на луѓе кои се борат за правда, дури и кога немаат директен интерес од неа, или не се лично засегнати. Па дури и кога спроведувањето на правдата би ги оштетило нив самите!

**Дали Ти спаѓаш во тие луѓе? Дали правдата ти е пред твоите интереси и привилегии?**
Молитва: „Боже, помогни ми да се определам за праведното, макар и да е потешко и никогаш да не се определам за неправедното, макар и да е полесно.“

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. И-мејл : novosrce1@gmail.com**